У-5.бр. 2032/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на одделение, одлучувајќи по Барањето истакнато во жалбата поднесена од тужителот Друштво за производство, тровија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, преку полномошник Адвокат Трајче Трајковски од Велес, за донесување на дополнителна пресуда под У-5.бр.2032/2019 од 06.02.2020 година, на седницата на советот одржана на ден 15.04.2021 година, донесе:

I

ДОПОЛНИТЕЛНА ПРЕСУДА

Барањето на Барањето истакнато во жалбата поднесена од тужителот Друштво за производство, тровија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, преку полномошник Адвокат Трајче Трајковски од Велес, за донесување на дополнителна пресуда по предметот на Управниот суд У-5. бр. 2032/2019, СЕ УВАЖУВА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот Друштво за производство, тровија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, поднесено преку полномошник Адвокат Трајче Трајковски од Велес за надомест на трошоците во постапката во износ од 11.218,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд на ден 06.02.2020 година донесе пресуда У-5. бр.2032/2019 со со која се уважува тужбата на тужителот Друштво за производство, тровија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, се поништува и пресудува: се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070 денари на име надомест за водење на жалбената постапка, како и адвокатски трошоци за состав на жалба во износ од 5.000,00 денари и 900,00 денари за пресметан ДДВ и 1.300,00 денари за состав на полномошно, согласно Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Тужителот Друштво за производство, тровија и услуги ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ увоз-извоз Велес, преку полномошник Адвокат Трајче Трајковски од Велес преку Управниот суд до Вишиот Управен суд поднесе жалба во која покрај другото наведе дека при донесувањето на обжалената пресуда Управниот суд не се произнел по истакнатото барање во тужбата за надомест на трошоците по постапката

Вишиот Управен суд со писмо УЖ-2.бр.264/2020 од 29.03.2021 година, административно го врати предметот на Управниот суд за донесување на дополнително решение за трошоците по постапката за состав на тужба против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки..

Постапувајќи по Барањето на тужителот Управниот суд најде дека истото е неосновано од причини што во постапката по управен спор, секоја странка треба да ги сноси своите трошоци.

Согласно член 7-а од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 328 став 1 од Законот за парничната постапка, ако судот пропуштил да одлучи за сите барања за кои мора да се одлучи со пресудата или пропуштил да одлучи за дел од барањето, странката може во рок од 15 дена од приемот на пресудата да му предложи на парничниот суд да се изврши дополнување на пресудата. Согласно ставот 2 од истиот член, Претседателот на советот ќе отфрли, односно ќе одбие, без одржување на рочиште, ненавремен или неоснован предлог за дополнување на пресудата.

Согласно член 7-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови (Службен весник на РМ бр.150 од 18.11.2010 година) во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Согласно горенаведените законски одредби Управниот суд најде дека Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката и тоа 10.3738,00 денари за состабв на тужба со вклучен ДДВ и судска такса за тужба во износ од 480,00 денари или вкупно 11.218,00 денари е неосновано, од причини што во постапката по управен спор, секоја странка треба да ги сноси своите трошоци.

Со оглед на наведеното Судот одлучи како во изреката на одлуката.

Одлучено во Управен суд на ден 15.04.2021 година под У-5. бр. 2032/2019.

Записничар– раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужител-полномошник
- тужен орган

Претседател на советот - Судија
Есма Алибашиќ Јонуз

НК/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник